

# А Н А Л И З А

**од спроведени анкетни прашалници за врсничкото насилство во три средни училишта во општина Струмица**

# Вовед



Повеќе од половина од младите во општина Струмица знаат што е врсничко насилство, а дел од нив биле сведоци или пак жртви на булинг. Нивната доверба во стручните служби и воспитно – образовниот кадар во училиштата е на ниско ниво. Младите луѓе сметаат дека континуираната едукација и зголемената соработка помеѓу нив, родителите, наставниците и стручните служби во училиштата ќе придонесе за намалување на врсничкото насилство во Струмица и струмичкиот регион.

Ова се податоците од одговорите на онлајн анкетата која Организацијата на жени од Струмица во текот на септември и октомври 2023 година ја спроведе помеѓу 121 ученик (71 девојчиња и 50 момчиња) од трите средни училишта во Општина Струмица, во рамки на акцијата „Активни млади за живот без насилство", поддржана од НВО Инфоцентар – Скопје, со финансиска поддршка од Европската Унија.

Целта на анкетното истражување беше да утврдиме дали и колку младите се информирани за врсничкото насилство, дали биле жртви на некаков вид насилство, како и да ги идентификуваме нивните потреби и приоритети за спречување на насилството меѓу врсниците.

# КЛУЧНИ НАОДИ:

- Повеќе од половина од младите анкетирани лица (68%) се информирани за врсничкото насилство.
- Момчињата, за разлика од девојчињата имаат помало знаење за поимот и формите на врсничкото насилство.
- Информираноста и знаењето кај девојчињата за врсничкото насилство изнесува 65%, а кај момчињата 35%.
- Високи 13% од младите биле жртва на некој облик на врсничко насилство.
- Девојчињата се поподложни на врсничко насилство. Од вкупниот број на анкетирани млади лица кои биле жртви на овој вид насилство, 8% се девојчиња, а 5% се момчиња.
- Најзастапени видови помеѓу младите се вербалното и психолошкото насилство. Навредите и исмејувањата на момчињата се насочени кон нивниот физички изглед, а кон девојчињата на нивното однесување и изгледот.



# КЛУЧНИ НАОДИ:



▶ Младите немаат доверба во стручните служби и воспитно – образовниот кадар во училиштата. На прашањето во кого имаат најголема доверба да пријават врсничко насилство, само 12 од 121 испитаник би пријавиле кај наставниците и стручните служби. Најмногу им веруваат на родителите – 64%, а 11 млади луѓе немаат доверба во никого.

▶ И момчињата и девојчињата сметаат дека најчести причини/ фактори за врсничкото насилство се:

- недоволната едукација на сите засегнати страни, особено едукација на младите од страна на институциите и повозрасните (наставен кадар и родители);
- нетрпеливоста и нетолеранцијата меѓу младите;
- достапноста на насилни содржини на медиумите и преголемото време поминато на социјалните мрежи;
- намаленото взаемно почитување и емпатија;
- домашното воспитување, социјално – економскиот статус;

целокупната состојба во државата.




# ПРЕПОРАКИ ОД МЛАДИТЕ:

**ЈАКНЕЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ, РОДИТЕЛИТЕ, ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ КАДАР И СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО УЧИЛИШТАТА**

**КОНТИНУИРАНА ФОРМАЛНА И НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО**

**ПОЧЕСТИ КАМАПЊИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО И ШТЕТНИТЕ ПОСЕДИЦИ ОД ИСТОТО ВРЗ МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА МЛАДИТЕ.**



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

НВО ИНФОЦЕНТАР

ЗДРУЖЕНИ ЗА АКТИВНО ГРАЃАНСТВО

Оваа анализа е подготвена со помош на Европската Унија, во рамки на проектот „Здружени за активно граѓанство“. Содржината на анализата е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.